Кога ја користите плочата за готвење првпат, функцијата вообичаено се вклучува стандардно.

Може да ја вклучите функцијата додека е вклучена плочата за готвење, но не е вклучена ниту една рингла, или во секое време за време на готвењето.

ⓘ

Ако ја вклучите функцијата додека плочата за готвење е исклучена, не работи ниту една рингла и нема видлива преостаната топлина на контролната плоча, функцијата ќе се исклучи самата по неколку секунди.

1. Притиснете го и држете го ⏻ за да ја исклучите плочата за готвење.
2. За да ја вклучите функцијата притиснете AUTO.

Се огласува сигнал и се појавува показател над симболот.

3. Ставете садови за готвење на плочата за готвење и изберете го нивото на поставката за топлината. Зголемете го или намалете го нивото на поставката за топлината според потребата.

Аспираторот ќе реагира на нивото на поставката за топлината, соодветно зголемувајќи го или намалувајќи го нивото на брзината на вентилаторот. Се појавуваат индикаторите над контролната лента на аспираторот.

4. Притиснете 0 на контролната лента на плочата за готвење за да вклучите рингла или ⏻ за да ја исклучите плочата за готвење.

Ако се појави показателот за преостаната топлина, AUTO ќе продолжи да ја прилагодува брзината на вентилаторот. Ако преостанатата топлина е мала, и Breeze може да започне да работи.

5. За да ја исклучите функцијата за време на готвењето и да се префрлите на рачен режим на аспираторот, притиснете го AUTO или која било друга поставка на контролната лента на аспираторот.

Се огласува сигнал и исчезнува показателот над симболот.

Автоматски режими - нивоа на брзина на вентилаторот

Режим на аспиратор	Ниво на преостаната топлина (плочата за готвење е исклучена)				Ниво на преостаната топлина (плочата за готвење е вклучена)			Вриење	Пржење
	0								
H1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
H2	-	-	-		-	-	1	1	1
H3	-	-			-	1	1	1	2
H4	-			1	1	1	2	2	3

ⓘ

Ако ја исклучите плочата за готвење додека работи AUTO, функцијата ќе биде запаметена за следното готвење.

Тајмер за аспираторот

Користете ја функцијата за да наведете колку долго треба да работи аспираторот.

Не може да се постави тајмерот на аспираторот додека аспираторот е вклучен.

1. Притиснете го ⏲ до контролната лента на аспираторот.
2. Притиснете го + или — за да го поставите времето (00-99 минути).
3. Притиснете го ⏲ за да го стартувате тајмерот.

Тајмерот започнува да одбројува.

- Откако тајмерот ќе заврши со одбројувањето, аспираторот прекинува да работи.
- Може да се постави тајмерот на аспираторот кога AUTO е вклучен. Ако AUTO го исклучи аспираторот пред истекување на поставеното време, тајмерот ќе се ресетира.
- Ако тајмерот го исклучи аспираторот пред AUTO, функцијата ќе се исклучи. Показателите над 0 и AUTO ќе исчезнат.
- Во двата случаи, AUTO ќе се вклучи при следното вклучување на плочата за готвење.

Boost

Функцијата го активира вентилаторот на аспираторот на максималното ниво на брзината.

1. За да ја вклучите функцијата притиснете .

Се огласува сигнал и се појавува показател над симболот.

2. Притиснете повторно за да ја исклучите функцијата, ако е потребно.

Функцијата може да работи непрекинато максимално 10 минути. По тој период, поставката за брзината на вентилаторот автоматски се менува на 3. Можете повторно да ја вклучите функцијата, доколку е потребно.

Breeze

Функцијата го поставува вентилаторот на аспираторот на дополнително мала брзина. Вентилаторот започнува да работи на минимално ниво на бучава веднаш по вклучувањето на функцијата. Користете ја функцијата по готвењето за отстранување заостанати мириси.

За да ја вклучите функцијата кога е исклучена плочата за готвење:

1. Притиснете .

Се огласува сигнал и се појавува показател над симболот. На екранот до контролната лента на аспираторот се појавува тајмер поставен на 60 минути.

2. Прилагодете го тајмерот со помош на + или —, доколку е потребно.

Откако тајмерот ќе заврши со одбројувањето, аспираторот се вклучува автоматски.

Auto Breeze

Функцијата автоматски го поставува вентилаторот на аспираторот да продолжи да работи откако ќе завршите со готвењето и ќе ја исклучите плочата за готвење. Вентилаторот работи со минимално ниво на брзина најмногу 20 минути. Функцијата отстранува заостанати мириси по готвењето.

Кога ја користите плочата за готвење првпат, функцијата се вклучува стандардно.

Кога функционира функцијата, показателот погоре AUTO се појавува. Преостанатото време на работа е видливо на екранот на тајмерот на аспираторот. Не е можно да се прилагоди поставеното време. Откако ќе заврши циклусот, вентилаторот автоматски се исклучува.

За да ја деактивирате функцијата додека работи:

Притиснете AUTO или 0 на контролната лента на аспираторот.
Аспираторот се исклучува.

За целосно да ја исклучите функцијата:

1. Влезете во менито: притиснете и задржете ⏻ 3 секунди. Потоа, притиснете и држете 🔒.
2. Притиснете ⏲ на предниот тајмер сè додека на екранот не се појави **dF**.
3. Притиснете + или — на предниот тајмер сè додека не се појави **Исклучи (--)**.
4. Притиснете ⏻ за да излезете.

ⓘ

Се препорачува да не ја оневозможите функцијата и да ја оставите да работи непрекинато за целото времетраење на циклусот.

6.10 Структура на мени

Табелата ја покажува основната структура на менито.

Кориснички поставки

Симбол	Поставка	Можни опции
C1	Wi-Fi	Вклучи / Исклучи (--)
C2	јачина на сигналот на Wi-Fi	Три нивоа на јачината на сигналот.
C3	Поврзување	Вклучи - плочата за готвење е поврзана. Исклучи (--) - мрежата е заборавена.
b	Звук	Вклучи / Исклучи (--)
H	Режим на аспиратор	1 - 4

Симбол	Поставка	Можни опции
dF	Auto Breeze	Вклучи / Исклучи (--)
E	Историја на аларми / грешки	Список на неодамнешни аларми / грешки.

За да ги внесете корисничките поставки: притиснете и задржете ⏻ 3 секунди. Потоа притиснете и држете 🔒. Поставките се појавуваат на тајмерот на левите рингли.

Движење низ менито: менито се состои од симбол за поставување и вредност. Симболот се појавува на задниот тајмер, а вредноста се појавува на предниот тајмер. За да се движите низ поставките, притиснете го ⏲ на предниот тајмер. За да ја промените вредноста на поставката, притиснете го + или − на предниот тајмер.

За да излезете од менито: притиснете го ⏻.

ⓘ
За повеќе детали за поставките и полесно движење низ менито, преземете го Electrolux app .

OffSound Control

Можете да ги вклучите / исклучите звуците во Мени > Кориснички поставки.

ⓘ
Погледнете во „Структура на менито“.

Кога се исклучени звуците, можете и понатаму да го слушате звукот кога:

- го допирате ⏻,
- времето на тајмерот се намалува,
- притискате неактивен симбол.

7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ФУНКЦИИ

7.1 Автоматско исклучување

Функцијата автоматски ја исклучува површината за готвење ако:

- сите рингли, како и аспираторот, се исклучени,
- не поставувате никаква поставка за топлината или поставка за брзината на вентилаторот по вклучувањето на плочата за готвење,
- истурате или ставате нешто на контролната табла повеќе од 10 секунди (тенџере, ткаенина, итн.). Се огласува сигнал и плочата за готвење се исклучува. Отстранете го предметот или ја исчистете контролната плоча.
- апаратот станува премногу жежок (на пр. кога врие празно тенџере). Оставете ја ринглата да се олади пред повторно да ја користите плочата за готвење.
- не ја исклучувате ринглата и не ја менувате поставката за јачина на топлината. По извесно време, плочата за готвење се исклучува.

Односот помеѓу поставката за топлината / поставката за брзината на вентилаторот и времето по кое се исклучува плочата за готвење:

Поставки за подгревање	Плочата за готвење се исклучува по
1 - 2	6 часа
3 - 4	5 часа
5	4 часа
6 - 9	1,5 час

Поставка за брзината на вентилаторот	Аспираторот се исклучува по
𝒱	10 часа
1 - 3	10 часа

7.2 Пауза

Оваа функција сите рингли ги поставува да работат на најмала јачина. Брзината на вентилаторот на аспираторот се намалува на 1. Кога ќе ја активирате функцијата додека аспираторот работи во автоматскиот режим, брзината на вентилаторот на аспираторот нема да се намали.

Кога функцијата е активна, може да се користат само ⏻ и ⏸. Сите други симболи на контролните плочи се заклучени.

Функцијата не ги запира функциите на тајмерот.

1. **За да ја активирате функцијата**: притиснете ⏸.

Поставката за јачина е намалена на 1. Брзината на вентилаторот на аспираторот се намалува на 1.

2. **За да ја деактивирате функцијата**: притиснете ⏸.

Претходната поставка за топлина / поставување на брзината на вентилаторот се вклучува.

7.3 Заклучување

Можете да ја заклучите контролната табла додека работи површината за готвење. Тоа спречува случајна промена на поставката за топлината / поставката за брзината на аспираторот.

Најпрво поставете ја поставката за топлината / поставката за брзината на аспираторот.

За да ја активирате функцијата: притиснете 🔒.
За да ја исклучите функцијата: повторно притиснете го 🔒.

ⓘ
Функцијата се исклучува со исклучувањето на плочата за готвење.

7.4 Уред за безбедност на деца

Оваа функција го спречува случајното вклучување на плочата за готвење и аспираторот.

За да ја вклучите функцијата:

притиснете го ⏻. Не поставувајте никаква поставка за топлината / поставка за аспираторот. Притиснете го и држете го 🔒 3 секунди, сè додека не се појави показателот над симболот. Исклучете ја плочата за готвење со ⏻.

ⓘ
Функцијата останува вклучена кога ќе ја исклучите плочата за готвење.
Показателот над 🔒 е вклучен.

За да ја исклучите функцијата:

притиснете го ⏻. Не поставувајте никаква поставка за топлината / поставка за аспираторот. Притиснете го и држете го 🔒 3 секунди, сè додека не исчезне показателот над симболот. Исклучете ја плочата за готвење со ⏻.

Готвење со вклучена функција:

притиснете го ⏻, потоа притиснете го 🔒 3 секунди, сè додека не исчезне показателот над симболот. Може да работите со плочата за готвење. Кога ќе ја исклучите плочата за готвење со⏻, функцијата работи повторно.

7.5 Флексибилни индуктивни рингли

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**
Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

функција Flex Bridge

Флексибилната индуктивна област се состои од четири делови. Деловите може да се комбинираат во две зони на готвење со различна големина, или во една голема област на готвење. Одбирате комбинација од делови преку одбирање на начин соодветен на големината на садовите за готвење кои сакате да ги користите. Ова се трите начини: Стандарден, Голем мост и Максимален мост.

За да ја поставите поставката на топлината користете две леви контролни копчиња.

Менување на начините

За да се префрлате меѓу режимите, притиснете го . Нивоата на поставката за топлината ќе се задржат.

Кај некои модели има две флексибилни области, лева и десна. За да работите со флексибилната област на десната страна, користете ги симболите и контролните ленти на десната страна на плочата за готвење.



Дијаметар и позиција на садот за готвење

Одберете начин којашто е соодветен на големината и формата на садот за готвење. Садот за готвење би требало да ја покрие одбраната област колку што може повеќе.

Поставете го садот за готвење којшто има дијиметар со дно помало од 160 mm централно на една област. Можете да употребите тава за печење за режимите Голем мост и Максимален мост.



Поставете го садот за готвење со дијаметар на дното поголем од 160 мм во центарот помеѓу двете области.



Flex Bridge Стандарден начин

Овој режим се вклучува стандардно кога ја вклучувате функцијата. Ги поврзува областите во две области за готвење. Можете да ја поставите поставката за топлината за секоја област посебно. Користете ги двете контролни ленти на левата страна.



Точна позиција на садот за готвење:



Погрешна позиција на садот за готвење:



Flex Bridge Режим Голем мост

За да го активирате режимот притискајте на ⊞ се додека не го видете показното светло за точниот начин ⊞. Овој начин ги поврзува трите задни области во една област. Предната област не е поврзана и работи како посебна рингла. Можете да ја поставите поставката за топлината за секоја област посебно. Користете ги двете контролни ленти на левата страна.



Точна позиција на садот за готвење:

Погрижете се да ги ставите садовите за готвење на трите поврзани области. Ако користите сад за готвење помал од двете области, контролната лента трепка и ринглата се деактивира по 2 минути.



Погрешна позиција на садот за готвење:



Flex Bridge Начин Максимален мост

За да го активирате режимот притискајте на ⊞ се додека не го видете показното светло за точниот начин ⊞. Овој режим ги поврзува сите области во една област за готвење. За да ја поставите поставката на топлината користете кои било две леви контролни копчиња.



Точна позиција на садот за готвење:

Погрижете се да ги ставите садовите за готвење на четирите поврзани области. Ако користите сад за готвење помал од двете области на екранот се покажува контролна линија и после 2 минути ринглата се исклучува.



Погрешна позиција на садот за готвење:



PowerSlide

Оваа функција ви овозможува да ја подесите температурата со тоа што ќе го ставите садот за готвење на различна позиција на индуктивната зона за готвење.

- Функцијата ја дели индуктивната зона на готвење во три области со различни поставки на готвење. Плочата за готвење ја открива положбата на садот за готвење и ја приспособува поставката за топлината според положбата.
- Можете да го ставите садот за готвење на предна, средна или задна позиција. Ако го ставите садот за готвење напред тогаш имате највисока поставка на топлина. За да ја намалите, тргнете го садот за готвење на средна или задна позиција.
- Кога ја вклучувате функцијата првпат, ќе ги добиете следнати стандардни поставки за јачина на топлината: 9 за првата положба, 6 за средната положба и 3 за задната положба.
- Можете да ги смените поставките на топлината за секоја позиција посебно. Плочата за готвење ќе ги запомни Вашите поставки за топлина следниот пат кога ќе ја вклучите функцијата.
- Екранот за поставката за топлината на левата предна контролна лента ја покажува поставката за топлината за оваа функција. **За да ја смените поставката за топлината, користете ја само левата предна контролна лента.** Левата задна контролна лента е исклучена додека работи функцијата.

ⓘ

Кај некои модели има две флексибилни области, лева и десна. За да работите со PowerSlide на десната страна, користете ја десната предна контролна лента.

ⓘ

Користете само едно тенџере со минимум дијаметар на дно од 160мм кога работите со оваа функција.



1. Ставете го правилниот сад за готвење на левата предна страна на ринглата.
2. Притиснете го и држете го ⏻ за да ја исклучите плочата за готвење.

Се огласува сигнал и се појавуваат показателите над ⏻ и ⊞.

3. За да ја вклучите функцијата притиснете ♨.

Се огласува сигнал и се појавува показател над симболот.

4. Движете го садот за готвење напред и назад на ринглата, според потребите. Ако сакате да ја смените позицијата на садот за готвење, подигнете го и ставете го на друг дел од областа. Не лизгајте го садот за готвење бидејќи

може да предизвика гребаници и губење на бојата на површината.

Нивото на поставката за топлината на контролната лента се прилагодува автоматски.

5. За да ги промените стандардните нивоа на поставката за топлината, движете го садот за готвење кон областа што сакате прва да ја прилагодите.
6. Притиснете било кое од достапните нивоа на поставката за топлината на левата предна контролна лента.

Ажурираните нивоа на поставката за топлината ќе бидат запаметени за следниот пат кога ќе ја користите функцијата.

7. Повторете ја функцијата за преостанатите рингли, доколку е потребно.
8. За да ја исклучите функцијата, притиснете го ⏻. Можете да притиснете и 0 на левата предна контролна лента.

Се огласува сигнал и исчезнува показателот над симболот. Нивото на поставката за топлината се менува во 0. Можете да поставите тајмер додека работи PowerSlide. Во тој случај, тајмерот не ги исклучува ринглите при истекување на поставеното време. Тајмерот се однесува на сите три рингли што ги активира функцијата истовремено.

8. ПОМОШ И СОВЕТИ

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

8.1 Садови за готвење

ⓘ

За индуктивни рингли, силно електромагнетно поле ја создава топлината во садовите за готвење многу брзо.

Користете ги индуктивните рингли со соодветни садови за готвење.

- Дното на садовите за готвење мора да биде колку што може подебело и порамно.
- Осигурете се дека дното на тенџерето е чисто и суво пред да го ставите на површината на плочата за готвење.
- За да се избегнат гребнатини, не лизгајте ја или не тријте го тенџерето врз керамичкото стакло.

Материјал на садовите за готвење

- **погоден:** лиено железо, челик, емајлиран челик, челик што не `рѓосува, повеќеслојно дно (означено како погодно од производителот).
- **непогоден:** алуминиум, бакар, бронза, стакло, керамика, порцелан.

Садовите за готвење се погодни за индуктивната плоча за готвење ако:

- водата врие многу брзо на ринглата поставена на највисоката поставка за јачина на топлината.
- магнет се привлекува на дното на садот за готвење.

Димензии на садовите за готвење

- Индуктивните рингли автоматски се прилагодуваат на димензиите на дното на садот за готвење.
- Ефикасноста на ринглата е поврзана со дијаметарот на садот за готвење. Садот за готвење со дијаметар којшто е помал од минималниот добива само дел од енергијата којашто ја испушта ринглата.
- Заради безбедносни причини и за постигнување оптимални резултати од готвењето, не користете садови за готвење поголеми од наведеното во „Спецификации на ринглите“. Избегнувајте да ги држите садовите за готвење во близина на контролната плоча во текот на готвењето. Тоа може да влијае на функционирањето на

контролната плоча или ненамерно да ги вклучи функциите на површината за готвење.

Видете во „Технички податоци“.

Капаци за испуштање пареа

За понатамошно оптимизирање на сесиите за готвење заедно со аспираторот, можете да ги користите специјалните капаци за испуштање пареа со вашиот сад за готвење. Капаците се дизајнирани да ја насочуваат пареата произведена во садот кон аспираторот, минимизирајќи ги несаканите мириси на готвење и прекумерната влажност во кујната. Капаците се купуваат одделно во неколку големини за да одговараат на најчестите типови садови. За повеќе информации посетете ја нашата веб-страница.



8.2 Звуци во текот на работата

Ако слушате:

- звук на пукање: садот за готвење е направен од различни материјали (сендвич конструкција).
- звук на свиркање: ја користите ринглата на голема јачина и садовите за готвење се направени од различни материјали (сендвич конструкција).
- sунење: користите високо енергетско ниво.
- кликање: се појавува електрично префрлување.
- пиштење, брмчење: вентилаторот работи.

Звуците се нормални и не се знак за неисправност.

8.3 Öko Timer (Еколошки тајмер)

За зачувување на енергија, грејачот за ринглата се исклучува пред да се огласи програматорот за одбројување. Разликата во времето на работа зависи од нивото на поставената топлина и должината на готвењето.

8.4 Примери за апликации за готвење

Односот меѓу поставката на температурата и потрошувачката на струја на ринглата не е линеарен. Кога ќе ја зголемите температурата, потрошувачката на струја на ринглата не се зголемува пропорционално. Тоа значи дека ринглата поставена на средна температура користи помалку од половина од моќноста.

Податоците во табелата се само насоки.

Поставки за подгревање	Употребете за да:	Време (мин)	Совети
1	Чувајте ја зготвената храна топла.	како што е неопходно	Ставете капак на садот за готвење.
1 - 2	Hollandaise сос, топење: путер, чоколадо, желатин.	5 - 25	Промешувајте одвреме-навреме.

Поставки за подгревање	Употребете за да:	Време (мин)	Совети
2	Зацврснување: меки омлети, печени јајца.	10 - 40	Готвење покриено со капак.
2 - 3	Готвење ориз и јадења со млеко, подгревање готови јадења.	25 - 50	Додајте најмалку двапати повеќе течност од количината на оризот, мешајте ги јадењата со млеко на половина на готвењето.
3 - 4	Варете зеленчук, риба, месо.	20 - 45	Додадете неколку лажици вода. Проверете ја количината на вода за време на процесот.
4 - 5	Гответе на пареа компири и друг зеленчук.	20 - 60	Покријте го дното на тенџерето со 1-2 см вода. Проверете го нивото на водата за време на процесот. Држете го капакот на тенџерето.
4 - 5	Гответе поголеми количини храна, чорби и супи.	60 - 150	До 3 l течност плус состојки.
6 - 7	Лесно пржење: шницла, телешко кордон блу, котлети, ризоли, колбаси, црн дроб, запршка, јајца, палачинки, крофни.	како што е неопходно	Превртете кога е потребно.
7 - 8	Интензивно пржење, пржен рендан компир, шницли.	5 - 15	Превртете кога е потребно.
9	Сварете вода, гответе тестенини, спржете месо (гулаш, печење), пржете компир во фритеза.		
P	Варење големи количества вода. PowerBoost е вклучена.		

8.5 Препораки и совети за аспираторот

- Решетката што го покрива аспираторот е изработена од алуминиум и нерѓосувачки челик . Може да ставате садови додека не работи аспираторот. Тоа нема да предизвика оштетување.
- Кога работи режимот AUTO, вентилаторот започнува со мала брзина на почетокот при секое готвење. Брзината постепено се зголемува. Исто така, можете да ја прилагодите брзината на вентилаторот рачно.

9. НЕГА И ЧИСТЕЊЕ

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

9.1 Општи информации

- Чистете ја површината за готвење по секоја употреба.
- Секогаш употребувајте садови за готвење со чисто дно.
- Гребаниците или темните дамки на површината немаат ефект на тоа како функционира површината за готвење.
- Користете специјално средство за чистење наменето за површини за готвење.
- Користете специјална гребалка за стаклото.

ⓘ

Испечатениот дел на флексибилната индукциска рингла може да стане нечист или да ја промени бојата од лизгањето на садовите. Можете да ја исчистите зоната на стандарден начин.

9.2 Чистење на плочата за готвење

- **Веднаш отстранете:** стопена пластика, пластична фолија, сол, шеќер и храна со шеќер, во спротивно, нечистотијата може да ја оштети плочата за готвење. Внимавајте да не се изгорите. Ставете го специјалното стругало за чистење на плочата на стаклената површина под остар агол и движете го сечивото по површината.
- **Извадете ги откако апаратот е доволно изладен:** прстени од бигор, вода, дамки од маснотии, светкави метални промени на бојата. Чистете ја плочата за готвење со влажна крпа и неабразивен детергент. По чистењето, избришете ја плочата за готвење со мека крпа.
- **Отстранување светкави метални промени на бојата:** користете раствор од вода и оцет и чистете ја стаклената површина со крпа.

9.3 Чистење на аспираторот

Решетка

Решетката го води воздухот во аспираторот. Покрај тоа, го штити системот на аспираторот и спречува случајно паѓање на предмети. Можете да ја измиете решетката рачно или во машина за миење садови. Избришете ја решетката со мека крпа.

Сад за вода

Има резервоар за вода сместен под аспираторот. Ја собира кондензацијата создадена при секое готвење. Не заборавајте редовно да го празните садот за вода.

Пред да го отворите резервоарот за вода, под него ставете сад или тава за собирање вода. За да го отворите садот за вода, извлечете ги бравите надвор и отворете ги еден по еден.



⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Не дозволувајте вода да влезе во аспираторот.

Ако во аспираторот се истури вода или други течности:

- прво исклучете го аспираторот,
- подигнете ја решетката и внимателно исчистете го аспираторот со влажна крпа или сунѓер и благо средство за чистење,
- избришете го вишокот течност собрана на дното на шуплината на аспираторот користејќи сунѓер или сува крпа,
- исчистете го филтерот, доколку е потребно (видете во „Чистење на филтерот на аспираторот“),
- вклучете го аспираторот, поставете го нивото на брзината на вентилаторот на 2 или поголема и оставете го да работи некое време за да ја отстрани преостанатата влага.

9.4 Чистење на филтерот на аспираторот

Долготрајниот јаглероден филтер **2 во 1** комбинира филтрирање на маснотии и мирис во една единица. Филтерот се состои од два елемента лоцирани на левата и десната страна на куќиштето на филтерот. Секој елемент е составен од филтерот за маснотии и долготрајниот јаглероден филтер. Филтерот за маснотии собира маснотии, масло и остатоци од храна и ги спречува да влезат во системот на аспираторот. Долготрајниот јаглероден филтер, кој содржи активна јаглеродна пена, го неутрализира чадот и мирисите

од готвењето. Редовно чистете го филтерот и периодично обновувајте го:

- Исчистете го филтерот штом ќе се види насобраната маст. Фреквенцијата на чистење зависи од количината на маснотии и масло што се користат при готвењето. Се препорачува да се чисти филтерот на секои 10-20 часа, или почесто, доколку е потребно.
- Обновете го филтерот само кога известувањето ⊛ е вклучено. Максималниот број на циклуси на обновување е 7. По тоа време, филтерот треба да се замени со нов. Површината за готвење има вграден бројач со известување кое ве потсетува на обновувањето на филтерот. Бројачот за известувањето стартира автоматски кога ќе го вклучите аспираторот првпат. По 100 часа користење показателот за филтер ⊛ почнува да трепка за да сигнализира дека е време да се обнови филтерот. Известувањето останува вклучено 30 секунди откако ќе ги деактивирате аспираторот и плочата за готвење. Известувањето не ја блокира употребата на плочата за готвење.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Презаситениот филтер може да претставува ризик од пожар.

Расклопување / повторно склопување на филтерот

Филтерот и куќиштето на филтерот се наоѓаат веднаш под решетката во центарот на плочата за готвење. Внимателно отстранете ги бидејќи може да се лизгаат поради насобраната маст.

1. Отстранете ја решетката.



2. Извадете го куќиштето на филтерот.



3. Нежно турнете ги двата елемента однадвор навнатре и преклопете ги заедно. Потоа извадете го филтерот од куќиштето на филтерот.





4. Повторно склопете ја единицата за филтрирање по чистењето:
   a. Лизгајте ги елементите на филтерот во внатрешноста на куќиштето на филтерот по должината на вградените шипки.Уверете се дека црните страни се свртени навнатре, а сребрените страни нанадвор. По повторното склопување треба да можете да ја видите црната страна во внатрешноста на отворот.
   b. Поставете го куќиштето на филтерот назад во шуплината на аспираторот.

Чистете го куќиштето на филтерот

Рачно измијте го куќиштето на филтерот користејќи благ детергент и мека крпа. Можете да го измиете и во машина за миење садови.

Чистење на филтерот

1. Филтерот измијте го во топла вода без никакви средства за чистење. Детергентите може да ја оштетат филтрацијата на мирисот. Ако е потребно, можете да користите мек сунѓер, мека крпа или неабразивна четка за чистење за да ги отстраните остатоците од храна. Можете да го перете филтерот и во машина за миење садови на температура од 65-70°C (користејќи програма подолга од 90мин),без детергенти ибез садови во истото полнење.
2. Филтерот се суши во рерна 20-30 мин на 70 °C. Ставете го филтерот на средната решетка. Погрижете се да користите функција на рерната без вентилатор. Алтернативно, можете да го оставите филтерот да се исуши преку ноќ на собна температура. Филтерот треба целосно да се исуши пред повторно да се склопи.
3. Повторно склопете ја единицата за филтрирање и вратете ја назад во шуплината на аспираторот.

Обновување на филтерот

1. Прво исчистете го филтерот, како што е опишано погоре во чекор 1.
2. Ставете го филтерот во рерна поставена на 80-110 °C за 60 мин. Ставете го филтерот на средната решетка. Користете функција на рерната без вентилатор.
3. Повторно склопете ја единицата за филтрирање и вратете ја назад во шуплината на аспираторот.
4. Притиснете ⊛ кратко за да го ресетирате бројачот.

Бројачот рестартира.

10. РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

10.1 Што да се направи ако…

Проблем	Можна причина	Решение
Не можете да ја вклучите или да ракувате со плочата за готвење.	Плочата за готвење не е поврзана со електрично напојување или не е правилно поврзана.	Проверете дали плочата за готвење е правилно поврзана со електрично напојување.
	Избил осигурувач.	Уверете се дека осигурувачот е причината за неисправноста. Ако осигурувачот постојано избива, стапете во контакт со квалификуван електричар.
	Не поставивте јачината за топлина за време од 60 секунди.	Повторно вклучете ја плочата за готвење и поставете ја поставката за јачина на топлината за помалку од 60 секунди.

Проблем	Можна причина	Решение
	Сте допреле 2 или повеќе сензорски полиња во исто време.	Допрете само едно сензорско поле.
	Пауза е во функција.	Видете во „Пауза“.
	Има вода или масни дамки на контролната плоча.	Исчистете ја контролната плоча.
Можете да слушнете постојан звучен сигнал.	Електричното поврзување е неправилно.	Исклучете ја плочата за готвење од електричното напојување. Зборувајте со квалификуван електричар за да ја провери инсталацијата.
Прво поставете ја максималната поставка за јачина на топлината за една од ринглите.	Другите рингли ја трошат максимално расположливата енергија. Вашата плоча за готвење работи правилно.	Намалете ја поставката за јачина на топлината на другите рингли поврзани на истата фаза. Видете во „Управување со енергијата“.
Се огласува звучен сигнал и плочата за готвење се исклучува. Се огласува звучен сигнал кога плочата за готвење е исклучена.	Сте ставиле нешто на едно или повеќе сензорски полиња.	Отстранете го предметот од сензорските полиња.
Плочата за готвење се исклучува.	Сте ставиле нешто на сензорското поле ⏻.	Отстранете го предметот од сензорското поле.
Не се пали показното светло за преостаната топлина.	Ринглата не е жешка затоа што работела само кратко време или е оштетен сензорот.	Ако ринглата работела доволно долго за да биде жешка, разговарајте со овластен сервисен центар.
Нема звук кога ги допирате сензорските полиња на таблата.	Звуците се исклучени.	Вклучете ги звуците. Видете во „Секојдневна употреба“.
Флексибилната индуктивна рингла не го загрева садот за готвење.	Садот за готвење е поставен на погрешно место на флексибилната индуктивна рингла.	Ставете го садот за готвење на правилно место на флексибилната индуктивна рингла. Местото на садот за готвење зависи од вклучената функција или режим на работа. Видете во „Флексибилна индуктивна рингла“.
	Дијаметарот на дното на садот за готвење е неправилен за вклучената функција или режим на работа.	Употребете сад за готвење со дијаметар којшто е соодветен за вклучената функција или режим на работа. Видете во „Флексибилна индуктивна рингла“.
Показното светло над симболот 🔒 се вклучува.	Уред за безбедност на деца или Заклучување работи.	Видете во „Брава за деца“ и „Заклучување“.
Контролната лента трепка.	Нема сад за готвење на ринглата или ринглата не е целосно покриена.	Ставете сад за готвење на ринглата за целосно да ја покриете.

Проблем	Можна причина	Решение
	Садот за готвење е несоодветен.	Користете садови за готвење соодветни за индуктивната плоча за готвење. Видете во „Помош и совети“.
	Пречникот на дното на садот за готвење е премал за ринглата.	Користете сад за готвење со точни димензии. Видете во „Технички податоци“.
	Flex Bridge (Flexible Bridge) е во функција. Еден или повеќе делови од режимот на работа кој е во функција не се покриени со садовите за готвење.	Ставете ги садовите за готвење на точниот број делови на режимот на работа кој е во функција или променете го режимот на работа. Видете во „Флексибилна индуктивна рингла“.
Контролната лента трепка двапати и се исклучува.	PowerSlide е во функција. Два сада се стават на флексибилното индуктивно подрачје за готвење или садовите за готвење покриваат повеќе од една површина за готвење активирана од функцијата.	Употребете само едно тенџере. Видете во „Флексибилна индуктивна рингла“.
Контролната лента за аспираторот трепка и аспираторот не започнува и не се исклучува.	Вентилаторот може да се исклучи сам по себе во одредени услови, на пр. кога просторијата не е правилно проветрена.	Отворете го прозорецот. Можеби ќе треба да го инсталирате прекинувачот за прозорец. Погледнете во „Склопување“. Ако прекинувачот за прозорецот е веќе присутен, проверете дали е правилно инсталиран. Погледнете во упатството за монтирање. Притиснете било кое копче. Аспираторот повторно работи.
Вентилаторот на аспираторот не работи правилно кога се активираат функциите на аспираторот.	Температурата на околината околу аспираторот е превисока. Има недоволна циркулација на воздухот внатре и околу аспираторот.	Исклучете ја плочата за готвење и исклучете ја од главното напојување. Почекајте најмалку 10 секунди, а потоа повторно вклучете ја. Други препораки: Обидете се да ја намалите температурата на околината. Извадете го филтерот на аспираторот и отстранете ја преостанатата влага од внатрешноста на аспираторот. Видете го поглавјето „Грижа и чистење“. Оставете го аспираторот да се исуши еден ден, а потоа активирајте го повторно.

Проблем	Можна причина	Решение
Пареата што се создава за време на готвењето не се апсорбира доволно од аспираторот.	Капаците на садовите за готвење не се правилно поставени.	Ако вашиот сад за готвење нема вентилирани капаци, погрижете се да ги навалите капаците така што испуштената пареа ќе се насочи кон аспираторот. Погледнете во „Совети и помош“ за информации за специјалните капаци со вентилација на пареа што се препорачуваат да се користат со интегрираниот аспиратор.
	Филтерот на аспираторот е презаситен.	Регенерирајте го филтерот на аспираторот и ресетирајте го известувањето. Видете го поглавјето „Грижа и чистење“.
[E] и се прикажува број.	Има грешка кај плочата за готвење. За повеќе детали одете на апликацијата.	Исклучете ја плочата за готвење и вклучете ја повторно по 30 секунди. Ако [E] се вклучи повторно, исклучете ја плочата за готвење од електричното напојување. По 30 секунди, повторно вклучете ја плочата за готвење. Ако повторно се појави проблемот, контактирајте со овластен сервисен центар.
трепка.	Безжичната врска е прекината.	Обновете ја безжичната врска. Проверете ја домашната мрежа. Исклучете и вклучете Wi-Fi. Ако повторно се појави проблемот, видете во поглавјето „Пред прва употреба“ > „Промена на мрежата“.
Поврзувањето не работи.	Безжичната врска е прекината.	Рестартирајте ја врската во вашиот апарат со исклучување и вклучување Wi-Fi. Видете во „Структура на мени“ (опција C1).

10.2 Ако не можете да најдете решение…

Ако не можете самите да го решите проблемот, обратете се кај Вашиот дилер или во овластениот сервисен центар. Дадете ги податоците од плочката со спецификации. Проверете дали правилно сте ракувале со плочата. Во противно, сервисирањето од сервисен техничар или дилер нема да биде бесплатно, дури и за време на периодот на гаранција. Информацијата за гарантниот период и овластените сервисни центри се во гаранциската книшка.

11. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

11.1 Плочка со спецификации

Модел KCC85450
Тур 66 D4A 05 DA
Индукција 7.35 kW

PNC 949 599 199 02
220 - 240 V / 400 V 2N, 50 Hz
Произведено во: Германија

Сер.бр. .....
ELECTROLUX

7.35 kW

11.2 Спецификации за ринглите

Рингла	Номинална моќност (поставка за максимална топлина) [W]	PowerBoost [W]	PowerBoost максимално траење [мин]	Дијаметар на сад за готвење [мм]
Флексибилна индуктивна рингла	2300	3200	10	минимум 105

Јачината на ринглите може во мал обем да се разликува до споредба со податоците во табелата. Се менува со материјалот и димензиите на садовите за готвење.

За оптимални резултати при готвењето, користете садови за готвење што не се поголеми од дијаметарот во табелата.

11.3 Информации за поврзување со напојување

Фреквенција	2.4 GHz WLAN	2400 - 2483.5 MHz
Протокол	IEEE 802.11b DSSS, 802.11g/n OFDM	
Максимално напојување	EIRP < 20 dBm (100 mW)	
Шифрирање	WPA, WPA2	

Насоки за член 10 (10) од RED (Директива 2014/53/EU) од 5 ноември, 2020. Листа на земји: Белгија, Бугарија, Чешка Република, Данска, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Летонија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија, Австрија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Норвешка, Исланд, Лихтенштајн, Швајцарија, Турција и Северна Ирска.

11.4 Лиценца за софтвер

Софтверот во овој производ содржи компоненти кои се базираат на слободен и отворен софтвер. Electrolux со благодарност го признава придонесот на заедниците за отворен софтвер и роботика во развојниот проект.

12. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

12.1 Информации за производ за плоча за готвење

Идентификација на модел	KCC85450
Тип на плоча за готвење	Вградена плоча за готвење

Број на области за готвење		2
Технологија на подгревање		Индукција
Должина (L) и ширина (W) на област за готвење	Лево	L 45.8 см W 21.4 см
Должина (L) и ширина (W) на област за готвење	Десно	L 45.8 см W 21.4 см
Потрошувачка на енергија на област за готвење (EC electric cooking)	Лево	191.1 Wh/kg
Потрошувачка на енергија на област за готвење (EC electric cooking)	Десно	191.1 Wh/kg
Потрошувачка на енергија на плочата за готвење (EC electric hob)		191.1 Wh/kg

IEC / EN 60350-2 - Електрични апарати за готвење за домаќинства - Дел 2: Плочи за готвење - методи за мерење на резултатите.

12.2 Плоча за готвење - Штеди енергија

Можете да заштедите енергија за време на секојдневното готвење ако ги следите советите подолу.

- Кога загревате вода, користете само колку што ви треба.
- Ако е можно, секогаш ставајте ги капаците на садовите за готвење.
- Ставете го садот за готвење директно во центарот на одбраната рингла.
- Користете ја преостанатата топлина за да ја задржите храната топла или да ја стопите.

12.3 Информации за производот и Информативен лист за производот за аспираторот

Информативен лист со податоци за производи според (ЕУ) бр. 65/2014		
Име или трговска марка на добавувачот	ELECTROLUX	
Идентификатор на модел	KCC85450	
Годишна Потрошувачка на Енергија - AEChood	28.8	kWh/a
Класа на енергетска ефикасност	A +	
Течна динамична ефикасност - FDEhood	32.4	
Класа на течна динамична ефикасност	A	
Ефикасност на светло - LEhood	-	лукс/Вт
Класа на светлечка ефикасност	-	
Ефикасност на филтрирање на маснотиите - GFEhood	85.1	%
Класа на ефикасност на филтрирање на маснотиите	B	
Минимален проток на воздух при нормална употреба	270.0	м3 /ч
Максимален проток на воздух при нормална употреба	500.0	м3 /ч
Проток на воздух при поставка за интензивно/засилено	630.0	м3 /ч

А-пондерирана емисија на јачина на звук при минимална брзина	49	дБ(А) за 1 пВ
А-пондерирана емисија на јачина на звук при максимална брзина	64	дБ(А) за 1 пВ
А-пондерирана емисија на јачина на звук при интензивна или зголемена брзина	70	дБ(А) за 1 пВ
Потрошувачка на енегија со исклучен режим - Po	0.49	W
Потрошувачка на струја во режим на мирување - Ps	-	W
Дополнителни информации согласно (ЕУ) бр. 66/2014		
Фактор за зголемување на времето - f	0.8	
Индекс на енергетска ефикасност - EEIhood	41.4	
Измерена брзина на проток на воздух во точка на најдобра ефикасност - QBEP	259.2	м3 /ч
Измерен воздушен притисок во точка на најдобра ефикасност - PBEP	444	Pa
Максимален проток на воздух - Qmax	630.0	м3 /ч
Измерен влез на електрична енергија во точка на најдобра ефикасност - WBEP	98.8	W
Номинална јачина на системот за осветлување - WL	-	W
Просечно осветлување на системот за осветлување на површината за готвење - Emiddle	-	лукс

Апаратот е тестиран според: EN 61591, EN 60704-1, EN 60704-2-13, EN 50564.

Податоците во табелата погоре се однесуваат на апаратите во режим на издувување. Апаратите во режим на циркулација може да се трансформираат во режим на издувување со следење на упатствата за монтирање дадени во брошурата за монтажа и со користење на наменски филтер достапен во нашите официјални продавници. За повеќе информации посетете ја нашата веб-страница.

12.4 Аспиратор - Штедење енергија

Можете да заштедите енергија за време на секојдневното готвење ако ги следите советите подолу.

- Кога ќе почнете да готвите, поставете го вентилаторот на аспираторот на мала брзина. Откако ќе завршите со готвењето, оставете го аспираторот да работи неколку минути.
- Зголемете ја брзината на вентилаторот само за да се ослободите од големи количини пареа или чад. Се препорачува да се користи функцијата Boost само во екстремни ситуации.
- Редовно чистете го филтерот на аспираторот и заменете го кога е потребно за да ја одржите неговата ефикасност.
- Користете го максималниот дијаметар на системот за канали за да ја оптимизирате ефикасноста и да го минимизирате шумот.

13. ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА

Рециклирајте ги материјалите со симболот ♺. Ставете ја амбалажата во соодветни контејнери за да ја рециклирате. Помогнете во заштитата на животната средина и човековото здравје и

рециклирајте го отпадот од електрични и електронски апарати. Не фрлајте ги апаратите означени со симболот во отпадот од домаќинството. Вратете го производот во вашиот локален капацитет за рециклирање или контактирајте ја вашата општинска канцеларија.

electrolux.com

867379392-B-432023